РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2483/1
21-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-2009/1 од 22.07.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка на стоки, купување на канцелариски материјал на ЈП ---------- --------- спроведена во 2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Управата за финансиска полиција .

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 22.07.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка за набавка на стоки, купување на канцелариски материјал на ЈП ------------ -------- објавен преку Електронскиот систем за јавни набавки на 05.06.2024 година, по што оформен е предмет број 12-2009/1 од 22.07.2025 година.

Во конкретниот случај станува збор за јавна набавка со број -----------/-------- за набавка на стоки, спроведена во поедноставена отворена постапка, во која договорен орган бил ЈП ----------- ------- ---------- со предмет на набавка: Канцелариски материјал. За предметната јавна набавка, по објавување на известувањето за склучен договор во ЕСЈН, како и врз основа на направени анализи во месечните извештаи, Бирото за јавни набавки констатирало дека Договорот за предметната набавка бил склучен по цени кои биле понеповолни од пазарните, со што од страна на договорниот орган биле прекршени начелата на кои се темелат јавните набавки од член 3 став (1) од Законот за јавни набавки односно начелата на економичност,ефикасност,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК се обрати до ЈП ------------ -------- и побара да се достави целокупната документација за спроведената предметна јавна набавка. Исто така извршени се проверки во ЕСЈН по однос на предметната јавна набавка.

Во законски предвидениот рок доставен е одговор со прилог документација и по разгледување на целокупната документација по предметот, ДКСК го констатира следното:
Во конкретниот случај станува збор за постапка за јавна набавка на канцелариски материјал-производи од хартија, спроведена по оглас број -----------/--------.
Во постапката на ден 22.07.2024 година бил склучен Договор за набавка на канцелариски материјал - производи од хартија за период од 10.08.2024 до 10.08.2025 година.
Во предметната постапка за јавна набавка, не биле наведени количини од причина што потрошувачката на голем број од ставките од техничката спецификација тешко можеле да се предвидат. Од тие причини, цените во финансиската понуда требало да бидат изразени за единица производ, додека договорот бил склучен согласно проценетата вредност определена со Одлуката за јавна набавка. Со цел надминување на состојбите, постапката за јавна набавка на канцелариски материјал за 2025 година е спроведена во количини по ставки.

Имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба како и погоре наведените околности за кои ДКСК оцени дека би можеле да упатуваат на ризик од корупција, а воедно, имајќи ја предвид потребата од соодветна експертиза поврзана со предметот на набавката, во отсуство на други расположливи механизми за целосно утврдување на фактичката состојба во однос на пријавените наводи, ДКСК констатира дека постојат услови предметот да го достави на понатамошно постапување на Управата за финансиска полиција.

Со оглед на погоре констатираното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: П.Б., советник
Контролирал Ј.Ц раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б.,член на ДКСК

Доставено до: Подносителот на пријавата

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup